ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1852/7
04-11-2025

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 24-тата седница одржана на ден 03.11.2025 година, донесе:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1852/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1852/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1852/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, поради неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________, во законски рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор на __________________.

Имено, лицето _____________ е разрешен од должноста член на Управниот одбор на __________________ со Решение бр.18-4517/1 од 29.04.2025 година, донесено од Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ" бр.91 од 07.05.2025 година.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија изврши увид во административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси и констатираше дека ___________ во законски предвидениот рок по престанокот на функцијата член на Управниот одбор на _____________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

За констатираниот прекршок од членот 109 став 1 алинеја 2 во врска со членот 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на, Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1852/5 од 16.09.2025 година.

Сторителот на прекршокот во определениот рок изврши уплата на половина од законски предвидената глоба и до Државната комисија достави доказ за извршената уплата.

Поради тоа, Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука да ја запре постапката.

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: К.Б., соработник

Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение

Согласен: К.З., раководител на сектор

Одобрил: С.С.М, член на ДКСК